# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр. 1/2024
## 26.01.2024 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Неготино**

Се објавува **Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Неготино ,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **25.01.2024** година.

**бр.09- 147/1**
**26.01.2024 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на чл. 36 став 1 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл. весник на РМ” бр.5/2002), а во врска со член 20 од Законот за урбанистичко планирање (,,Сл. весник на РМ”бр. 32/20 и 111/23) и член 79 став 1 точка 6 од Статутот на општина Неготино (,,Сл.гласник на Општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14) ,Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 25.01.2024, да донесе

**ПРОГРАМА**

**за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2024 год**

Член 1

Во Програмата за **изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2024 год** се менува следното:

Во глава 2- **ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ,**

**Табела 2.2.1 Измена и дополна на ДУП (планирани) се дополнува**

| **Р.Б.** | **ЛОКАЦИЈА** | **Површина (Ха)** | **Начин на плаќање** |
|---|---|---|---|
| **УЕ 7** | **Дел од БЛОК 23**<br>▪ Помеѓу улиците Маршал Тито и регулирано речно корито на ,,Неготинск река”, | 1 | Општина Неготино |

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Неготино“.

**бр.08-97/3**
**25.01.2024 година**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО**
Претседавач
Пепица Ѓорѓиева с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлука за извршување на Буџет на општина Неготино за 2024 година**

Се објавува **Одлука за изменување и дополнување на Одлука за извршување на Буџет на општина Неготино за 2024 година,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **25.01.2024** година.

**бр.09- 147/2**
**26.01.2024 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” број 5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” број 61/04, 96/04, 67/07 и 156/09, 47/11 и 192/15 209/2018), сл.весник на РСМ( 244/2019,53/2021,77/2021), Закон за буџетите (“Службен весник на РМ” број 64/05, 4/08 , 103/08, 156/09 95/10, 180/11, 171/12 , 192/15 167/16 ) Законот за извршување на буџет на РСМ ЗА 2024 ГОДИНА( Службен весник на РСМ 238/23) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино (“Службен гласник на Општина Неготино” број 3/2006, 2/11, 9/11, 16/12 ,16/14, 12/16, 13/20 и 3/22 ), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 25.01.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

за измена и дополнување на Одлука за извршување на Буџетот на општина Неготино за 2024 година

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџет на општина Неготино за 2024 година

Во член 14 став 2 60 % проценти се заменува со 70 %.

Во член 18 став 2 се менува и гласи „ Во случај на смрт на вработениот во општината и локалните јавни установи , на неговото семејство му припаѓа парична помош во висина од двократен износ на просечната месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

По став 2 се додаваат ставовите 3,4 и 5 кои гласат

На вработениот, во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и децата земени на издржување) му припаѓа парична помош во износ на една просечна месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

Надоместоците од ставовите 1 и 2 на овој член се исплаќаат по претходно доставено барање со комплетирана документација во годината на настапување на смртта, односно во годината која следи по годината на настапување на смртта.

За работниците ангажирани со договори за отстапување на работник за привремени вработувања, средствата за исплата на солидарна помош на вработените ги обезбедува работодавачот, а исплатата ја врши Агенцијата за привремени вработувања.

Став 3 станува став 6 .

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Неготино

**бр.08-97/4**
**25.01.2024 година**

**Совет на општина Неготино**
**П р е т с е д а в а ч,**
**Пепица Ѓорѓиева** с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за вршење на отпис на комунална такса**

Се објавува **Одлука за вршење на отпис на комунална такса ,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **25.01.2024** година.

**бр.09- 147/3**
**26.01.2024 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 85-а од Законот на даноците на имот („Службен весник на РМ„ бр. 61/04...151/21) и член 79 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл. Гласник на општина Неготино“ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22), Советот на општина Неготино на ден 25.01.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**за вршење на отпис на комунална такса**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши отпис на побарувања по основ на комунална такса за истакната фирма во периодот од 2006 до 2023 година откако општината ги исполнила сите законски можности за наплата кон истите.

**Член 2**

Отписот на долгот по основ на комунална такса за истакната фирма на даночните обврзници се врши поради бришење на правните субјекти од евиденцијата на Централен регистар на РМ и кон истите не може да се поведе ниту една правна постапка за наплата на долгот.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Неготино“.

**Бр.08-67/5**
**25.01.2024 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседавач**
**Пепица Ѓорѓиева** с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за отпис на побарувања по основ на данок на имот**

Се објавува **Одлука за вршење на отпис на побарувања по основ на данок на имот ,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **25.01.2024** година.

**бр.09- 147/4**
**26.01.2024 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 85-а од Законот на даноците на имот („Службен весник на РМ„ бр. 61/04...151/21) и член 79 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл. Гласник на општина Неготино“ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22), Советот на општина Неготино на ден 25.01.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

### За отпис на побарувања по основ на данок на имот

### Член 1

Со оваа одлука се врши траен отпис на ненаплатени побарувања по основ данок на имот на физички и правни лица откако општината ги исполнила сите законски можности за наплата и кон истите не може да се поведе ниту една правна постапка за наплата на долгот, како и отпис на технички и систематски грешки и отпис на даночен долг на даночни обврзници на кои во изминатите години им престанала сопственоста над недвижниот имот , а со тоа и даночната обврска за данок на имот, а кои од евиденција во даночното книговодство на Општината не биле променети. За да се променат и тргнат од даночната евиденција, општинската администрација грешка задолжениот даночен долг треба да до отстрани од евиденцијата како отпис, кои се настанати во периодот од 2006 до 2023 година.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Негот ино“.

**Бр.08-67/6**
**25.01.2024 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседавач**
**Пепица Ѓорѓиева с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за избор на командир на полициска станица од општа надлежност Неготино**

Се објавува **Одлука за избор на командир на полициска станица од општа надлежност Неготино ,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **25.01.2024** година.

**бр.09- 147/5**
**26.01.2024 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 24 од Законот за полиција (Службен весник на РМ бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18, 64/18 и Службен весник на РСМ бр. 294/21 и 89/22), член 36 ст. 1 т. 12 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02) и член 79 ст. 1 т. 36 од Статутот на општина Неготино („Сл. Гласник на општина Неготино“ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22), а во врска со Листа на кандидати за избор на командир бр. 236-3312/1 од 10.01.2024 година предложени од страна на МВР на РСМ, Советот на општина Неготино на ден 25.01.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

Советот од предложените кандидати од страна на Министерството за внатрешни работи не избра командир на ПС Неготино.

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавување во Службен гласник на општина Неготино.

Образложение

До Советот на општина Неготино од страна на Министерството за внатрешни работи на РСМ е доставена листа на кандидати за избор на командир за Полициска станица од општа надлежност Неготино, кои беа ставени на точка на дневен ред.За истата точка беше спроведено гласање за секој предлог кандидат поединечно.

Советот на општина Неготино на оддржаната седница на 25.01.2024 година, по гореспоменатата точка не избра ниту еден од предложените кандидати за командир на ПС Неготино.

Предложените кандидати за командир на ПС Неготино се гласаа по следниов редослед и советниците гласаа на следниов начин:

1. Трајче Ташев – **ЗА**: 0 гласови, **ВОЗДРЖАН**: 2 гласови, **ПРОТИВ**: 10 гласови;
2. Иса Лимани – **ЗА**: 0 гласови, **ВОЗДРЖАН**: 0 гласови, **ПРОТИВ**: 12 гласови;
3. Гоце Јовановски – **ЗА**: 0 гласови, **ВОЗДРЖАН**: 1 глас, **ПРОТИВ**: 11 гласови.

**бр.08-97/7**
**25.01.2024 година**

**Совет на Општина Неготино**
**Претседавач**
**Пепица Ѓорѓиева с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за кофинансирање во реализација на проект „ Подобрување на животната средина преку набавка на специјализирани возила и приклучна механизација во општините на Вардарски плански регион“**

Се објавува **Одлука за кофинансирање во реализација на проект „ Подобрување на животната средина преку набавка на специјализирани возила и приклучна механизација во општините на Вардарски плански регион“** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **25.01.2024** година.

**Бр.09- 147/6**
**26.01.2024 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална рамоупоарва (“Сл.Весник на РМ ” бр.5/2002), член 79, став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино ( Службен гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 ,16/14, 13/20 и 3/22) а во врска со Договорот за реализација на проектот “Подобрување на животната средина преку набавка на специјализирани возила и приклучна механизација во општините во Вардарски плански регион”.бр 08-175/1 од 27.11.2023 година, , Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 25. 01.2024 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

За кофинансирање во реализаија на проект “Подобрување на животната средина преку набавка на специјализирани возила и приклучна механизација во општините во Вардарски плански регион”

Член 1

Со оваа одлука се обезбедуваат парични средства во висина 200.000 денари за учество на општина Неготино – Локална Самоуправа во проектот “Подобрување на животната средина преку набавка на специјализирани возила и приклучна механизација во општините во Вардарски плански регион” кој ќе се реализира преку Центарот за развој на Вардарски плански регион.

Член 2

Вкупната вредност на проектот на Проектот “Подобрување на животната средина преку набавка на специјализирани возила и приклучна механизација во општините во Вардарски плански регион” изнесува 9.367.200,00 денари. Средствата во износ од 9.367.200,00 денари за општините ќе се обезбедат од Министерството за локална самоуправа – Биро за регионален развој. Вардарски плански регион за општина Неготино доделувас средства во износ од 1.040.800,00

денари а кофинансирањето на општина Неготино е во висина од 200.000,00 денари.

Член 3

Финансиските средства за учество на општината од член 1 , во износ од 200.000,00 денари ќе се обезбедат од Буџетот на општина Неготино за 2024 година.

Член 4

Оваа одлука стапува во сила со денот на објавување во Службен гласник на општина Неготино.

**бр.08-97/8**
**25.01.2024 година**

Совет на општина Неготино
Претседавач
Пепица Ѓорѓиева с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за доделување на локации за поставување на штандови за продажба на вино и производи од вино за одржување на манифестацијата „Свети Трифун“ на градскиот плоштад во Неготино**

Се објавува **Одлука за доделување на локации за поставување на штандови за продажба на вино и производи од вино за одржување на манифестацијата „Свети Трифун“ на градскиот плоштад во Неготино** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **25.01.2024** година.

**бр.09- 147/7**
**26.01.2024 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( „Службен весник на РМ” бр.5/02 ) и член 79 став 1 точка 46 од Статутот на општина Неготино (,, Сл.гласник на општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 6/11, 16/12 , 16/14, 13/20 и 3/22), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **25.01.2024** година ја донесе следната

## О Д Л У К А

### за доделување на локации за поставување на штандови за продажба на вино и производи од вино за одржување на манифестацијата Свети Трифун на градскиот плоштад во Неготино

**Член 1**

Се доделуваат локации за поставување на штандови за продажба на вино и производи од вино за одржување на манифестацијата Свети Трифун на градскиот плоштад во Неготино.

**Член 2**

Доделувањето на локациите за поставување на штандовите од член 1 од оваа одлука се врши во просториите во општина Неготино врз основа на претходен договор помеѓу заинтересираните деловни субјекти кои се занимаваат со производство и продажба на вино и производи од вино.

Деловните субјекти кои се заинтересирани за поставување на штанд за продажба на вино и производи од вино поднесуваат барање до Општина Неготино.

Општина Неготино и деловните субјекти ќе склучат Договор за поставување на штанд за продажба на вино и производи од грозје , односно за користење на градскиот плоштад во Неготино за манифестацијата Св. Трифун .

**Член 3**

Урбаната опрема ќе биде поставена согласно одобрение за поставување на урбана опрема одобрена од градоначалникот на општина Неготино , а во согласност со Програмата за поставување урбана опрема на територијата на општина Неготино.

**Член 4**

Општина Неготино се откажува од правото за наплата на износот од користење на градскиот плоштад **за поставување на штандови за продажба на вино и производи од вино за одржување на манифестацијата Свети Трифун , заради афирмација на градот и општината и локалните економски субјекти кои се занимаваат со** производство и продажба на вино и производи од вино.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “ .**

**Бр.08-97/9**
**25.01.2024 година**

**Совет на Општина Неготино**
**Претседавач,**
**Пепица Ѓорѓиева с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа за 2023 година на локална библиотека „Страшо Пинџур“ Неготино**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа за 2023 година на локална библиотека „Страшо Пинџур“ Неготино ,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **25.01.2024** година.

**бр.09- 147/8**
**26.01.2024 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ “ бр. 5/02) и член 79 став 1 точка 33 од Статутот на општина Неготино („ Сл. гласник на општина Неготино “ бр .3/06, 2/11, 9/11, 16/12 , 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **25.01.2024** година го усвои следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Извештај за работа за 2023 година на Локална библиотека „ Страшо Пинџур “ Неготино**

**Член 1**

Советот на општина Неготино го усвои Извештајот за работа за 2023година со бр. 03-110/3 од 26.12.2023 година на **Локална библиотека „ Страшо Пинџур “ Неготино**.

**Член 2**

Овој Заклучок во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “ .**

**бр.08-97/10**
**25.01.2024 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседавач**
**Пепица Ѓорѓиева с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа за 2024 година на локална библиотека „Страшо Пинџур“ Неготино**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа за 2024 година на локална библиотека „Страшо Пинџур“ Неготино ,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **25.01.2024** година.

**бр.09- 147/9**
**26.01.2024 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ “ бр. 5/02) и член 79 став 1 точка 33 од Статутот на општина Неготино („ Сл. гласник на општина Неготино “ бр .3/06, 2/11, 9/11, 16/12 , 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **25.01.2024** година го усвои следниот

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на Годишната програма за работа за 2024 година на Локална библиотека ,, Страшо Пинџур,, Неготино**

**Член 1**

Советот на општина Неготино ја усвои Годишната програма за работа со бр. 03-110/4 од 26.12.2023 година на **Локална библиотека „ Страшо Пинџур “ Неготино** за 2024 година.

**Член 2**

Овој Заклучок во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “.**

**бр.08-97/11**
**25.01.2024 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседавач**
**Пепица Ѓорѓиева с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа за 2024 година на Музеј на град Неготино**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа за 2024 година на Музеј на град Неготино ,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **25.01.2024** година.

**бр.09- 147/10**
**26.01.2024 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ “ бр. 5/02) и член 79 став 1 точка 33 од Статутот на општина Неготино („ Сл. гласник на општина Неготино “ бр .3/06, 2/11, 9/11, 16/12 , 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **25.01.2024** година го усвои следниот

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на Годишната програма за работа на ОУ „ Музеј на град Неготино “ Неготино за 2024 година**

**Член 1**

Советот на општина Неготино ја усвои Годишната програма за работа со бр. 01-175/1 од 19.12.2023 година на **ОУ „ Музеј на град Неготино “ Неготино** за 2023 година.

**Член 2**

Овој Заклучок во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “.**

**бр.08-97/12**
**25.01.2024 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседавач**
**Пепица Ѓорѓиева с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за доделување на еднократна парична помош**

Се објавува **Решение за доделување на еднократна парична помош ,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **25.01.2024** година.

**Бр.09- 147/11**
**26.01.2024 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), , член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на Општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на **25.01.2024** година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За доделување на еднократна парична помош**

**Член 1**

Се доделува еднократна парична помош на следните лица :

1. **Салиоски Алаедин од Неготино во износ од 3.000,оо денари**
2. **Гордана Лазарова од Неготино во износ од 20.000,оо денари**
3. **Мирјана Мустафова од с.Криволак , Неготино во износ од 3.000,оо денари**
4. **Мемедова Ѓулшен од с.Криволак , Неготино во износ од 5.000,оо денари**
5. **Соколовиќ Розеана од Неготино во износ од 4.000,оо денари**
6. **Анѓелина Анѓелова од с. Долни Дисан , Неготино во износ од 30.000,оо денари**
7. **Јани Иванов од Неготино во износ од 40.000,оо денари**
8. **Ленча Василева од Неготино во износ од 3.000,оо денари**
9. **Елизабета Митиќ од Неготино во износ од 10.000,оо денари**
10. **Лидија Чонкова од с.Тремник, Неготино во износ од 7.000,оо денари**
11. **Димитрије Тасев од Неготино во износ од 10.000,оо денари**
12. **Славјанка Чонкова од Неготино во износ од 4.000,оо денари**
13. **Владко Кордов од Неготино во износ од 2.000,оо денари**
14. **Ристова Дочка од Неготино во износ од 3.000,оо денари**
15. **Фруска Мантева од Неготино во износ од 4.000,оо денари**
16. **Глигор Јованов од Неготино во износ од 5.000,оо денари**
17. **Селвије Синанова од С.Криволак , Неготино во износ од 4.000,оо денари**
18. **Божанка Петрушева од с.Пепелиште , Неготино во износ од 6.000,оо денари**
19. **Апостолов Благој од Неготино во износ од 3.000,оо денари**
20. **Младеновска Марица од с.Тремник, Неготино во износ од 3.000,оо денари**
21. **Јанчева Сузана од с.Тимјаник, Неготино во износ од 2.000,оо денари**
22. **Орхан Усинов од с.Ппепелиште, Неготино во износ од 2.000,оо денари**
23. **Розалија Стојанова од Неготино во износ од 2.000,оо денари**
24. **Снежана Мучева од Неготино во износ од 2.000,оо денари**
25. **Миле Михајловиќ од с.Пепелиште во износ од 2.000,оо денари**
26. **Марија Махлијанова од Неготино во износ од 3.000,оо денари**

27. **Симон Трајчев од с.Пепелиште, Неготино во износ од 3.000,оо денари**
28. **Валентина Јанева од Неготино во износ од 2.000,оо денари**
29. **Блажо Станков од Неготино во износ од 2.000,оо денари**
30. **Мара Петрова од С.Тимјаник, Неготино во износ од 2.000,оо денари**
31. **Васка Тасева од Неготино во износ од 2.000,оо мденари**
32. **Славко Јосифовски од Неготино во износ од 2.000,оо денари**
33. **Верица Огњанова од Неготино во износ од 10.000,оо денари**
34. **Коцева Наталија од Неготино во износ од 5.000,оо денари**
35. **Зорица Јовановска од Неготино во износ од 40.000,оо денари**

**Член 2**

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на Општина Неготино “ .**

**Бр.08-67/13**
**25.01.2024 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседавач,**
**Пепица Ѓорѓиева c.p.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за доделување на финансиска средства**

Се објавува **Решение за доделување на финансиска средства ,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **25.01.2024** година.

**Бр.09- 147/12**
**26.01.2024 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), , член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на Општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Одлуката за утврдување на критериуми за доделување на еднократна парична помош и доделување на финансиски средства на граѓани бр.07-530/16 од 27.09.2010 година ( Службен гласник на општина Неготино бр. 8/10) Советот на општина Неготино на седницата одржана на **25.01.2024** година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За доделување на финансиски средства**

**Член 1**

Се доделуваат финансиски средства во висина од :

1. **20.000,оо денари на КУД „ Јане Сандански“ од Неготино за реализација на 45 години јубилеј на друштвото**
2. **20.000,оо денари на Фолклорен ансамбл „Ацо Ѓорчев“ од Неготино за промовирање на македонскиот фолклор со организирање концерти**
3. **6.000,оо денари на Александар Петров од Неготино за учество на маратони во трчање во земјата и странство**
4. **30.000,оо денари на Црковен одбор с.Вешје – манастир Св.Димитрије за изведба на бунар за потребите на црквата**
5. **20.000,оо денари на Цветко Ристов од Неготино за санирање на штета настаната од пожар**
6. **30.000,оо денари на Ивица Петровиќ од с.Тремник за санирање на штета настаната од пожар**

**Член 2**

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во **„Службен гласник на Оп штина Неготино “.**

**Бр.08-67/14**
**29.09.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседавач**
**Пепица Ѓорѓиева с.р.**

**СОДРЖИНА**

**СЛУЖБЕН ГЛАСНИК 1/2024**

1. **Заклучок за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Неготино**
2. **Програма за изменување и дополнување на Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Неготино**
3. **Заклучок за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлука за извршување на Буџет на општина Неготино за 2024 година**
4. **Одлука за измена и дополнување на Одлука за извршување на Буџет на општина Неготино за 2024 година**
5. **Заклучок за објавување на Одлука за вршење на отпис на комунална такса**
6. **Одлука за вршење на отпис на комунална такса**
7. **Заклучок за објавување на Одлука за за отпис на побарување по основ на данок на имот**
8. **Одлука за за отпис на побарување по основ на данок на имот**
9. **Заклучок за објавување на Одлука за избор на командир на полициска станица од општа надлежност Неготино**
10. **Одлука за избор на командир на полициска станица од општа надлежност Неготино**
11. **Заклучок за објавување на Одлука за кофинансирање во реализација на проект „Подобрување на животната средина преку набавка на специјализирани возила и приклучна механизација во општините во Вардарски плански регион**

12. **Одлука за кофинансирање во реализација на проект „Подобрување на животната средина преку набавка на специјализирани возила и приклучна механизација во општините во Вардарски плански регион**
13. **Заклучок за објавување на Одлука за доделување на локации за поставување на штандови за продажба на вино и производи од вино за одржуање на манифестацијата „Свети Трифун“ на градскиот плоштад Неготино**
14. **Одлука за доделување на локации за поставување на штандови за продажба на вино и производи од вино за одржување на манифестацијата „Свети Трифун“ на градскиот плоштад Неготино**
15. **Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа за 2023 година на Локална библиотека „Страшо Пинџур“ Неготино**
16. **Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа за 2023 година на Локална библиотека „Страшо Пинџур“ Неготино**
17. **Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна програма за работа за 2024 година на Локална библиотека „Страшо Пинџур“ Неготино**
18. **Заклучок за усвојување на Годишна програма за работа за 2024 година на Локална библиотека „Страшо Пинџур“ Неготино**
19. **Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна програма за работа за 2024 година на Музеј на град Неготино**
20. **Заклучок за усвојување на Годишна програма за работа за 2024 година на Музеј на град Неготино**
21. **Заклучок за објавување на Решение за доделување на еднократна парична помош**
22. **Решение за доделување на еднократна парична помош**
23. **Заклучок за објавување на Решение за доделување на финансиски средства**
24. **Решение за доделување на финансиски средства**